**З А К О Н ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА**

**(законот е објавен во Службен весник на СРМ бр. 11 од 4 април 1981 г.)**

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната "Службен весник на СРМ" број 33/76 и 25/79), во член 6 ставот 2 се менува и гласи:

"Висината на цивилната инвалиднина се усогласува секоја година со порастот на просечните номинални лични доходи на сите вработени остварени во претходната година во Републиката".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.